- Сектор за финансиски систем –

**Предмет**: Покана за семинар

Почитувани,

Во рамки на соработката во областа на банкарството помеѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, Ве известуваме дека од 15ти февруари до 26ти февруари 2021 година во Скопје ќе се одржи Virtual classroom семинар на тема: "**Cyber and Information Security Management**".

Семинарот е во организација на Агенција за трансфер на финансиска технологија од Луксембург (ATTF - www.attf.lu), која е дел од Центарот за обуки од Луксембург (House of training - www.houseoftraining.lu).

Основната цел на семинарот е да го продлабочи знаењето на учесниците за целосен преглед на компјутерската безбедност и проблемите поврзани со оваа тема, што ќе им овозможи да ги водат своите избори и нивната мисија земајќи ги предвид ризиците поврзани со компјутерската безбедноство во банкарската индустрија.

Семинарот е комбинација на теоретско предавање и практични вежби. Целна група се вработени во банки и останати финансиски институции (Извршни директори или директори на банки, финансиски институции, централни банки или супервизорски тела во областа на ИТ, безбедност, ризик и усогласеност).

Од учесниците се бара да имаат одлично познавање на англиски јазик. Учеството не предвидува плаќање на котизација.

Поканата за семинарот, програмата и апликацијата за учество можете ги најдете на интернет страницата на Министерството за финансии, секција Финансиски систем, во делот на Семинари и обуки (shorturl.at/itwG1 ).

Апликациите се доставуваат најдоцна до 8 февруари (понеделник) 2021 година на долунаведените e-mail адреси.

За сите дополнителни информации, Ве молиме контактирајте ги долунаведените лица.

Благодариме на соработката.

Со почит,

Ленче Тагасовска
Раководител на сектор

Контакт лица:
Горан Мојаноски тел: 3255-538, email: goran.mojanoski@finance.gov.mk
Иван Недев тел: 3255-370, email: ivan.nedev@finance.gov.mk